# КОН ПОДОБРИ ИЗБОРНИ ЦИКЛУСИ: ПРЕДЛОЗИ ЗА КВАЛИТЕТНО УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРНОТО ЗАКОНОДАВСТВО

Граѓаните на Северна Македонија во помалку од година и половина, во три наврати ги избираа своите претставници во претседателската вила, Собранието и локалната власт. Она што за електоратот претставуваше демократска привилегија, за институциите и независните учесници во изборите значеше нови предизвици и правни битки. За меѓународните набљудувачи, пак, и овие избори беа повод за замерки и упатување на јасен сигнал за потребата од подобрување на изборното законодавство.

Во последните две децении, Изборниот законик е менуван повеќе од триесет пати. На овој проблем неодамна се осврна и доскорашниот претседател на Државната изборна комисија, Борис Кондарко, кој непосредно пред локалните избори **укажа на потребата од носење на целосно нов Изборен законик**, нагласувајќи дека моменталниот закон има нејаснотии и непрецизности што отвораат бројни правни прашања и предизвици.

Иако меѓународните препораки за изборни реформи упатуваат тие да се иницираат **веднаш по завршувањето на изборите**, и да се финализираат **најмалку една година пред следниот изборен циклус**, македонската пракса покажува дека измените најчесто се прават реактивно и непосредно пред изборите.

Ваквиот начин на интервенирање во изборното законодавство е проблематично затоа што остава простор за бројни правни празнини, кои подоцна претставуваат предизвик за работењето на изборните институции, но и за **учеството на независните кандидати во изборните процеси**. Избрзано и неинклузивно носење на законски измени ја ограничува можноста на институциите навремено да се прилагодат и укажат на евентуални недостатоци или недоследности, што создава ризик од грешки при спроведувањето на изборите. Како резултат на тоа, се поткопуваат јавната доверба и легитимитетот на изборниот процес, а измените се доживуваат како непромислени и диктирани од моменталните политички интереси.

По завршувањето на локалните избори претседателот на Собранието, Африм Гаши, најави **формирање работна група за новиот Закон** со претставници од сите пратенички групи. **Партиите ги номинираа своите претставници** но се уште останува нејасно кој, покрај пратениците, ќе учествува во таа работна група. Дополнително, не е јасно дали станува збор за продолжување на работата на **претходната работна група при Министерството за правда**, ниту дали процесот ќе резултира со измени на постојниот закон или со изработка на целосно ново законско решение. Доколку и овој пат политичките актери се договорат сами, игнорирајќи ја потребата од широка дебата и

општествен консензус, ќе продолжиме да ги повторуваме истите грешки и да останеме заробени во кругот на нерешени проблеми кои неизбежно ќе се појават уште во следниот изборен циклус.

**Најавата за подготовка на нов закон и навременото спроведување на сеопфатни изборни реформи секако е за поздравување.** Но, постојат неколку аспекти што пратениците, без оглед на партиската заднина и интересите, мора да ги земат предвид.

## 1. Без широка дебата, Изборниот законик пак ќе добие бројни недоследности

Покрај релевантните изборни и надзорни институции, во дијалог за изборните измени мора да бидат вклучени и експерти од ОБСЕ и ОДИХР, медиумите, граѓанските организации и секако претставници од независните граѓански движења, како најзасегнати од последните контроверзни измени на Изборниот законик.

## 2. Независните движења и кандидати мора да бидат дел од играта

Преседанот со неизвесноста околу учество независните кандидати на претходните избори е ризик што едно демократско општество не смее да си го дозволи. Затоа, пратениците, заедно со останатите засегнати страни, особено со независните движења, мора да изнајдат консензуално решение за бројот на потписи за независни кандидатури, во согласност со меѓународната практика и во духот на олеснување на пристапот до изборите за кандидати позади кои не стои политичка партија.

## 3. Нееднаков пристап до простор и пари за рекламирање

Локалните избори уште еднаш покажаа дека механизмот за распределба на простор и средства за рекламирање не обезбедува фер натпревар за сите учесници. Помалите партии со пратенички групи (ЗНАМ и Левица) не се вклучија во ниту една категорија. Партии со еден или двајца пратеници добија 7% од рекламниот простор и државното финансирање. додека вонпарламентарните партии и независните кандидати меѓусебно распоредија само 3%. ОБСЕ во сите извештаи од набљудувањата нотира дека вака поставената формула ги фаворизира најголемите партии и укажува на потреба од ревизија на критериумите за распределба, со цел да се обезбедат еднакви и фер услови за сите учесници на изборите.

Сè погласни се барањата, вклучително и **од страна на државните институции**, за целосно укинување на рекламирањето со државни средства, поради постоење на **корупциски ризици и идното влијание на политичките партии врз уредувачката политика на медиумите**. Доколку се задржи изборното финансирање, треба да се ревидира и зголеми уделот на средства и рекламниот простор за помалите партии и независните кандидати, кои во моментот добиваат само 3% од распределбата. Независните кандидати и движења, поради отсуство на редовно државно финансирање, можат да се потпрат само на донации за своето функционирање и учество на изборите, што дополнително ја зголемува нееднаквоста во изборниот процес.

## 4. Државни пари за рекламирање на интернет портали без јасни критериуми

На локалните избори платеното политичко рекламирање беше одобрено за 246 интернет портали, додека во Регистарот на онлајн медиуми се регистрирани само 60. Потребно е воспоставување јасни критериуми за условите што порталите треба да ги исполнат за да аплицираат за платеното политичко рекламирањево ДИК, со цел спречување злоупотреби и одлив на државни пари кон „фантомски медиуми“.

## 5. Интернет порталите не сносат последици за недоставување финансиски извештаи

Иако сите медиуми имаат обврска да пријават закупен рекламен простор и исплатени средства за изборно рекламирање, интернет порталите се изземени од казнените одредби за непочитување на оваа обврска, со што се нарушуваат принципите на транспарентност и одговорност. Затоа, новиот закон мора да предвиди еднакви казнени одредби за сите промотори на изборните учесници.

## 6. Евиденција на партиските трошења на социјалните мрежи

Иако постои како обврска во образецот за финансиски извештаи од изборните кампањи, политичките партии ретко ги пријавуваат расходите на интернет просторот. Мал дел од нив ги евидентираат трошоците за промоција на интернет портали, но ниту една партија не пријавува колку пари троши за рекламирање на социјалните мрежи. Оттука, потребно е од страна на Министерството за финансии, како институција која ги пропишува упатството и образецот за изборно финансиско известување, како и од ДКСК и ДЗР како надлежни органи за следење на изборното финансирање, јасно да им се стави до знаење на сите учесници на изборите дека постои обврска за пријавување на трошоците за рекламирање на социјалните медиуми во финансиските извештаи, како и да се изречат соодветни санкции доколку учесниците на изборите одбијат да ги пријават овие трошоци.

## 7. Последните измени ја намалија финансиска транспарентност на кампањите

Со измените на Член 84 во 2024г. се укина обврската за поднесување финансиски извештај со спецификација на приходи и расходи на 11-тиот ден од изборната кампања и еден ден по завршување на кампањата. Новите правила предвидуваат само пријава на примени донации, што за разлика од претходното решение ја оневозможува тековната контрола и рана детекција на потенцијални злоупотреби. Затоа, потребно е враќање на претходната обврска за тековно и детално финансиско известување за време на кампањата, со цел зајакнување на транспарентноста на изборниот процес.

## 8. Партиите не ги почитуваат роковите за достава на извештаи до надзорните органи

Дури и во вака олеснетата околност во која известуваат, дел од учесниците на изборите редовно **не ги почитуваат предвидените рокови за доставување на извештаи** за изборното трошење. Па така, ги потсетуваме органите за надзор дека согласно предвидените казнени одредби Член 189 (глоба од 9,000 евра), непочитувањето на законските рокови подлежи на санкционирање и мора доследно да биде предмет на постапување, што како практика се применувало и во претходните изборни циклуси.

## 8. Електронско поднесување на финансиските извештаи

Со цел забрзување на постапката на известување и зголемување на ефикасноста на надзорот од институциите и јавноста, потребно е да се предвиди обврска извештаите да се доставуваат во дигитален формат. Впрочем, ова е и предвидена заложба (4.1.) за дигитализација на финансиското известување на политичките партии во **Акцискиот план за партнертство за отворена власт (2024-2026 година)**.

Општата прифатеност и конзистентност на изборните правила, како и навременото спроведување на препораките за реформирање се од витално значење за изборниот процес. За жал, кај нас, Изборниот законик како темел на демократскиот поредок, речиси традиционално трпи клучни промени во брз, нетранспарентен и неинклузивен процес - што е редовна замерка во сите изборни извештаи на Меѓународната набљудувачка мисија на ОБСЕ и други меѓународни институции.

За да се зајакне довербата во изборниот процес и да се обезбеди еднакво учество на сите актери, неопходно е претстојните измени или носењето на целосно нов Изборен законик да биде предмет на широка и сеопфатна дебата во која дел ќе земат сите засегнати страни, вклучувајќи ги сите политички партии, независните кандидати, граѓанските организации и секако меѓународните експерти од ОБСЕ и ОДИХР чии препораки патем се главна тема пред секој изборен циклус. Само на овој начин институциите на граѓаните ќе им ја вратат довербата во изборните процеси, на изборните кандидати рамноправно поле за натпревар, а на институциите ќе им се обезбедат ефективни алатки за лесен надзор и сумирање на изборните текови.

Овој документ за јавни политики е дел од проектот „**Поттикнување дебата за отчетност и антикорупција**“ чија главна цел е да придонесе кон процесот на реформи во Северна Македонија преку зајакнување на улогата на Собранието во борбата против корупцијата и неговото лидерство во спроведувањето и следењето на реформите за владеење на правото.. Проектот е поддржан од Националниот фонд за демократија.